Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

(Број 1, септември 2007 година)

Септември, 2007
Штип

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА РЕИЗБОР НА СОРАБОТНИК - ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ПЕДАГОШКА ПРАКТИКА, СЕМЕЈНА ПЕДАГОГИЈА И ГРУПА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ (ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ) НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ШТИП

Со одлука бр. 0202 - 448 од 12.07.2007 година на Наставно-научниот совет при Педагошкиот факултет "Гоце Делчев" - Штип, донесена на седницата одржана на 11.07.2007 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за реизбор на соработник – помлад асистент за предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика, Семејна педагогија и група изборни предмети (одделенска настава и предучилишно воспитание).

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет "Гоце Делчев" - Штип за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот од 15.06.2007 година, објавен во весникот "Нова Македонија", се пријавила кандидатката Ирена Китанова.

### *Податоци за кандидатката*

Ирена Китанова е родена на 29.09.1981 година во Штип. Во родното место ги завршила основното и средното образование (гимназија) со одличен успех, како и Педагошкиот факултет - Одделенска настава, со просек 9,71.

Во текот на основното образование, Китанова била активен член во повеќе секции: литературна, англиски јазик, биолошка и др. Во текот на средното образование пројавила забележителна активност во литературниот клуб. Од 1996 година, како член на литературниот клуб "Искра" при Народната библиотека "Гоце Делчев" во Штип, Ирена Китанова соработувала и објавувала свои творби – песни во алманасите од 1999 година и од 2000 година.

По завршувањето на обуката по информатика (информациска технологија) во 2000 година, во учебната 2000/2001 година Ирена Китанова се запишала на Педагошкиот факултет "Гоце Делчев" во Штип, на одделот за одделенска настава. Како студент, таа се вклучила во неколку проекти. Во текот на втората година од студиите, Китанова учествувала во неколку проекти: проектот "Со читање и пишување до критичко мислење"; во рамките на меѓународниот проект "Партнерство и демократија во образованието", реализиран со Педагошкиот факултет во Битола, од 13 август до 8 септември 2002 година, остварила студиски престој на Универзитетот во Малме – Шведска. За време на обуката се стекнала

со сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик и сертификат за обука на наставници во мултикултурно образование.

Следната 2003 година Ирена Китанова се вклучила во проектот "Пронајден пријател", со кој од 16 до 18 мај 2003 година учествувала на семинар и обука во Тирана, Албанија, за што добила соодветен сертификат.

Во учебната 2002/2003 година, од Сојузот на студентите при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Ирена Китанова е прогласена за најдобар студент, за што на 11.12.2003 година ѝ е доделена диплома. За остварени значајни резултати во учењето и во студирањето, на 23.05.2004 година ѝе доделено признание од Одборот на родителите, учениците и студентите на Учителската школа "Гоце Делчев" во Штип.

***Публикувани трудови***

Уште за време на гимназиското образование, Ирена Китанова пројавила интерес кон пишаниот збор. Во тој период таа објавила повеќе свои песни:

1. "Повторна шанса", "Сенка", "Можам ли" (Алманах на литературен клуб "Искра"- Штип, бр. 19 и 20, 1999 година);
2. "Патоказ" (Алманах на литературен клуб "Искра" - Штип, бр. 21, 2000 година);
3. "Извештај од студискиот престој во Малме - Шведска" (Списание за теорија и практика Воспитание, Педагошки факултет "Гоце Делчев", год. 2, бр. 3, Штип, 2002, стр. 114 -118);
4. "Мултикултурна димензија на националниот наставен план" (Списание за теорија и практика Воспитание, Педагошки факултет "Гоце Делчев", год. 3, бр. 4-5, Штип, 2003/2004, стр. 163-166);
5. "Басната во одделенска настава" (Списание за теорија и практика Воспитание, Педагошки факултет "Гоце Делчев", год. 4, бр. 6-7, Штип, 2005/2006 година).

***Пријавени трудови на научни симпозиуми***

1. "Мултикултурен концепт во школите" - II Балкански конгрес, Едрене, Турција, 8-10 октомври 2004 година;
2. "Портфолио-модел за училиште без слаби ученици" - (заедно со проф. д-р Блаже Китанов), Пула, Хрватска, 28-30 октомври 2004 година;
3. "The role of teacher in the educational management" - Јубилејна научна конференција, Благоевград, Бугарија, 27-28 октомври 2006 година;
4. "Motivatio faktors into achiving the school succe" - IV Меѓународен младински фестивал Евроарт, Благоевград, Бугарија, 7-11 мај 2007 година.

*Заклучок и предлог*

Врз основа на изложените податоци, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека станува збор за солидна и перспективна кандидатка, која со својата ангажираност, добрата подготвеност и мотивираност ветува дека ќе се развива во добар педагог и практичар. Убедени сме дека на најдобар начин ќе ги реализира задачите и во иднина ќе се развие во успешен наставник.

Оттука, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да ја реизбере Ирена Китанова во звањето соработник – помлад асистент за предметите Методика на наставата по македонски јазик, Педагошка практика, Семејна педагогија и група изборни предмети (одделенска настава и предучилишно воспитание).

**Рецензентска комисија**

**Д-р Емилија Петрова Ѓорѓева, доцент претседател с.р.**

**Д-р Виолета Николовска, член с.р.**

**Д-р Снежана Мирасчиева, доцент с.р.**